Врз основа на член 3 став (1) од Законот за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците февруари и март 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 85/21), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност.

Член 2

Барањето за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност се поднесува на образец „БФС-СВД/3“ отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-2857/1
20 април 2021 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Fatmir Besimi,** с.р.